HALKBANK

# 3D secure 2
## Засилена автентикација при онлајн плаќања

Со цел зголемување на сигурноста и безбедноста на корисниците на платежни картички при онлајн плаќања, покрај 3DS2 (3D secure 2) протоколот, Халкбанк воведува нов начин на засилена автентикација и потврда за валидноста на овие трансакции согласно SCA (Strong Customer Authentication) регулативата.
За да можете да извршувате онлајн трансакции со Вашите платежни картички во иднина, потребно е да бидете корисник на апликацијата за мобилно банкарство.
Во прилог е кратко упатство и објаснување за начинот на функционирање на новиот начин на автентикација.

1. Најпрво инсталирајте и активирајте ја мобилната апликација на Халкбанк АД Скопје на вашиот мобилен уред.

SKOPJE

2. При првата најава на апликацијата, системот ќе ви понуди опција за активирање на биометрија согласно поставките за безбедност на вашиот мобилен уред.



3. Започнете онлајн плаќање - При купување од интернет продавница, внесете ги податоците од вашата платежна картичка (број, важност, CVV) како и обично. Откако ќе ги внесете податоците.




Трговецот може да побара дополнителна потврда заради поголема безбедност



4. Нотификација за потврда - Доколку трансакцијата е извршена кај трговец со 3D secure ,за истата ќе добиете нотификација за потврда на Вашиот мобилен уред.




Со кликање на известувањето се стартува мобилната апликација за електронско банкарство на Халкбанк и се појавува нов прозорец со податоци од трансакцијата (износ, трговец итн), што ви овозможува дополнително да ја проверите валидноста на трансакцијата пред потврда.



HALKBANK

5. Потврдете ја трансакцијата - Доколку деталите од трансакцијата се точни и сакате да го извршите плаќањето, потврдете ја трансакцијата со притискање на копчето ПОТВРДИ и внесете PIN, отпечаток од прст или препознавање лице. Овој чекор гарантира дека само Вие можете да ја одобрите трансакцијата.




Во случај доколку не добиете нотификација при вршење на трансакцијата стартувајте ја мобилната апликација на Халкбанк и при подигнување на истата, ќе се појави прозорецот со детали од трансакцијата.

6. Завршете го купувањето - По успешна автентикација ќе добиете потврда дали плаќањето трансакцијата е успешна и ќе го финализирате купувањето.

